Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 06.04.2022

На 05.04.2022 во 00.30 часот на подрачје на Аеродром, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го привеле Е.Д.(22) од Скопје. Тој бил баран со потерница од Основен Кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик.
Е.Д. бил спроведен до Казнено - поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 05.04.2022 во 09.50 часот на улица „146" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле Е.М.(44) од Радовиш за издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Струмица. Тој бил спроведен во затворот за издржување на казната.

На 05.04.2022 околу 23.40 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 54-годишниот гостиварец М.Л. затоа што при преглед му бил пронајден кокаин. По целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 05.04.2022 во 09.30 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Н.А.(42) од гостиварско Врапчиште. Тој се сомничи дека претходно извршил кражба во верски објект во Гостивар. Одземените предмети билее пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против Н.А. ќе следува соодветен поднесок.

На 05.04.2022, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода А.Д.(19) и М.Ц.(30) од Куманово затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.04.2022 во 21.00 часот на Граничниот премин „Деве Баир", при извршена пасошка контрола на Д.С.(40) од Република Турција, кој управувал товарно моторно возило „мерцедес" и полуприколка со турски национални ознаки, било утврдено дека поседувал фалсификувана зелена карта. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

На 05.04.2022 во 19.20 часот во Полициската станица Кисела Вода бил задржан М.Д. (28) од Шведска, кој бил лишен од слобода околу 16.00 часот на Граничниот премин Долно Блаце затоа што бил баран со меѓународна потерница.

На 05.04.2022 во 14.15 часот во СВР Куманово, З.Д.(49) пријавил дека на улица „Железничка" пронашол две неекслодирани минофрлачки гранати од Втората светска војна со калибар 75мм. Екипа од СВР Куманово извршила увид, а гранатите биле безбедно подигнати од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 05.04.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 37 прекршоци, од кои 29 надвор од населено место и 8 во населено место. Истиот ден во периодот од 12.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои недаваат првенство на минување на пешаци. Притоа, биле констатирани 7 прекршоци и сите биле соодветно санкционирани. Санкционирани биле и 30 други видови на прекршоци, од кои 8 за управување возило без возачка дозвола, 4 за управување нерегистрирано возило, 4 за некористење сигурносен појас, 9 за користење мобилен телефон, 1 за некористење заштитна кцига и 4 за непрописно паркирање..

На 05.04.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 37 возачи, од кои 15 санкции се изречени на територија на Ресен, 7 на територија на Битола, 8 во Прилеп, 2 во Демир Хисар и 5 санкции во Македонски Брод.

На 05.04.2022 во периодот од 12.00 до 17.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачите кои не даваат првенство на минување на пешаците на пешачки премин. Притоа, биле констатирани и санкционирани 9 прекршоци (Велес 7 и Кавадарци 2).

На 05.04.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Аеродром, Л.Г.(43) од Скопје пријавил дека на бул.„Асном" бил каснат од куче скитник.

На 05.04.2022 во 17.00 часот во Полициската станица Карпош, С.М.(70) од Скопје паријавил дека на ул.„Воденска" бил каснат од куче скитник.

На 06.04.2022 во 12.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го привеле И.С. (29) од Куманово. Тој бил баран со потерница од Основен суд Куманово за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка телесна повреда" по член 131 од Кривичниот законик. И.С. бил спроведен до Казнено - поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

Денеска (06.04.2022) во 00.05 часот, полициски службеници од СВР Струмица ги лишиле од слобода В.Ч.(25), П.Ч.(24) и Д.Ч.(19), сите од с.Моноспитово, струмичко, затоа што кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.04.2022 во 21.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 34-годишниот Н.Л. од Тетово, на кого Основниот суд Тетово му определил мерка притвор од 30 дена, поради сомнение дека на 18-ти минатиот месец сторил кривично дело „предизвикување општа опасност" во казино во Тетово. Подоцна, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Скопје во Скопје за издржување на притворот.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.Д.(61) од дебарското село Џепиште поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправна градба". Тој, на катарстарска парцела сопственост на Македонската православна црква-Охридска архепископија, неовластено изградил објект од тврда градба со што се стекнал со противправна имотна корист.

На 05.04.2022 во 15.02 часот во СВР Скопје, М.С.(43) од Скопје пријавил дека околу 14.35 часот на ул.„Клепа", додека се движел заедно со синот, бил физички нападнат од едно лице со тврд предмет, кое потоа избегало со возило „опел". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесена кривична пријава против З.М.(34) од Делчево поради постоење основи на сомнение за строрено кривично дело „насилство". На 04.04.2022 во канцеларија во Основното јавно обвинителство Делчево, пријавениот агресивно се однесувал и се заканувал на вработените.

ОВР Кратово поднесе кривична пријава против С.И.(62) од Кратово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во текот на 2021 година без одобрение за градба од надлежен орган, во с.Страцин, кратовско, во нива изградил објект.